Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А
Д Р Ж А В Н А   К О М И С И Ј А   З А   Ж А Л Б И
П О   Ј А В Н И   Н А Б А В К И
С К О П Ј Е

| Примено: 04.12.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 09 | 689/14 | 0 | |


У-5.бр.1843/2019

УПРАВНИОТ СУД во состав од судиите: Димитрула Апостоловска претседател на советот, Ана Герасимовска и Валентина Конеска - членови на советот, со записничар Марко Таневски - судски соработник, решавајќи по тужбата на тужителот ЈП КОМУНАЛЕЦ Битола, против Решение на Државна комисија за жалби по јавни набавки бр.09-689/12 од 16.10.2019 година, за јавна набавка, на седницата на советот одржана на ден 21.11.2019 година, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Тужбата на тужителот ЈП КОМУНАЛЕЦ Битола, против Решение на Државна комисија за жалби по јавни набавки бр.09-689/12 од 16.10.2019 година, СЕ ОТФРЛА.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот со тужба за управен спор, заведена во Судот под У-5.бр.1843/2019, ја оспорува законитоста на решението на тужениот орган означено во изреката на ова решение, со кое се уважува жалбата на жалителот СИНПЕКС ДОО Битола, изјавена против Одлуката за избор на најповолен понудувач од 01.10.2019 година донесена по Огласот за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр.07750/2019 за набавка на стоки - Специјално возило за подигање на смет без надградба, со монтажа на постоечка надградба на договорниот орган ЈП Комуналец Битола. Се понинштува Одлуката за избор на најповолен понудувач од 01.01.2019 година и постапката по Огласот за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр.07750/2019 за набавка на стоки - Специјално возило за подигање на смет без надградба, со монтажа на постоечка надградба на договорниот орган ЈП Комуналец Битола. Се задолжува договорнит орган да му ги надомести трошоците на жалителот во износ од 250,00 денари на име административна такса и износ од 6140,00 денари на име надомест за водење на жалбена постапка во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решението.

Незадоволен од горенаведеното решение тужителот поднел тужба поради повреда на законот со предлог тужбата да се уважи, а оспореното решение поништи.

Управниот суд постапувајќи по тужбата на тужителот најде:

Тужбата е недозволена.

Согласно член 3 став 1, став 2 и  став  4 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2006 и бр.150/2010), право да поведе управен спор има физичко или правно лице, ако смета дека со управниот акт му е повредено некое право или непосреден интерес заснован врз закон. Државен орган, подружница или друга деловна единица на трговско друштво, населба и слично или група лица, иако немаат својство на правно лице, можат да поведат управен спор ако можат да бидат носители на правата и обврските за кои се решавало во управната постапка. Управен спор може да поведе Јавниот правобранител на Република Македонија, кога со управен акт или со управен

[2] 09-689/14 [2019]

договор се повредени законот или јавниот интерес, односно институцијата што ја застапува според закон.

Согласно членот 26 став 1 точка 3 од истиот закон, Управниот суд со решение ќе ја отфрли тужбата ако утврди дека е очигледно дека со управниот акт кој се оспорува со тужбата не се засега во правото на тужителот или во негов непосреден личен интерес заснован врз закон (член 3).

Од тужбата и приложените докази, произлегува дека тужителот не бил странка во управната постапка, туку бил орган кој требал да одлучува како првостепен орган во постапката согласно одредбите од Законот за јавните набавки. Во конкретниот случај, тужителот кој одлучувал во прв степен имал процесна положба на првостепен орган.

Од вака утврденото и погоре цитираните законски одредби, судот најде дека првостепениот орган не може да поведе управен спор против решение на второстепениот орган Државна комисија за жалби по јавни набавки кој одлучувал по жалбата на жалителот СИНПЕКС ДОО Битола изјавена против Одлуката за избор на најповолен понудувач од 01.10.2019 година донесена по Огласот за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр.07750/2019 за набавка на стоки - Специјално возило за подигање на смет без надградба, со монтажа на постоечка надградба на договорниот орган ЈП Комуналец Битола. Се поништува Одлуката за избор на најповолен понудувач од 01.01.2019 година и постапката по Огласот за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр.07750/2019 за набавка на стоки - Специјално возило за подигање на смет без надградба, со монтажа на постоечка надградба на договорниот орган ЈП Комуналец Битола. Ова, од причина што првостепениот орган не е странка во постапката, согласно одредбите од Законот за општата управна постапка и Законот за јавните набавки, туку истиот во управната постапка се јавува како орган кој ја водел и одлучувал во постапката согласно одредбите од Законот за јавните набавки, поради што има процесна положба на првостепен орган, па за истата правна работа не може истовремено да има положба на странка и да биде тужител во управен спор.

Од погоре наведеното, Управниот суд утврди дека во овој случај тужителот нема активна легитимација за водење на управен спор, поради што следуваше согласно член 26 став 1 точка 3, а во врска со член 3 од Законот за управните спорови, да се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Решено во Управен суд на 21.11.2019 година под У-5.бр.1843/2019

Записничар - судски соработник
Марко Таневски

Претседател на совет - Судија
Димитрула Апостоловска

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истото, преку овој суд до Вишиот управен суд.

Решението да се достави на:
- тужителот
- тужениот орган

Претседател на совет - Судија
Димитрула Апостоловска

ВК/